**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост**

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup
në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 01-5239/1
16.12.2019 год. viti
Скопје-Shkup

**До**
**Влада на Република Северна Македонија**
**во својство на Собрание на акционери на МЕР АД Скопје**

Согласно член 17, став 5, точка 8 од Статутот на НЕР АД Скопје, Одборот на директори е задолжен да изготви извештај за работата и материјално-финансиското работење.

## ИЗВЕШТАЈ

за работата и материјално-финансиското работење на МЕР АД Скопје
за периодот од 01.01.2019 до 31.03.2019 година

### Извештај за работата на МЕР АД Скопје

МЕР АД Скопје согласно работните обврски и задачи кои произлегуваат од актите на Друштвото и од законските и подзаконските акти во Република Македонија, како и од насоките добиени од Владата на Република Македонија во својство на единствен акционер на Друштвото, МЕР АД Скопје во периодот од 01.01.2019 до 31.03.2019 година ги реализираше следните активности:

### Изградба на Магистрален гасовод делница „Блок станица 5 – Неготино“

Во првиот квартал од 2019 година продолжи изградбата на Магистралниот гасовод делница „Блок станица 5 – Неготино“ со ГМРС Штип и ГМРС Неготино. Изградбата на наведената делница согласно Договорот за Изградба на магистрален гасовод Делница „Блок станица 5 – Неготино“ со ГМРС Штип и ГМРС Неготино бр.05-163/106 склучен на 08.06.2016 година, ја изведува Групата на понудувачи РАПИД БИЛД ДОО Куманово, ЕЛ-ТЕ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје, СПЕКТАР ТЕРМО ДОО Скопје, ЧАКАР ПАРТНЕРС ДОО Скопје и КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ.

Во првиот квартал од 2019 година за изградба на делница „Блок станица 5 – Неготино“ со ГМРС Штип и ГМРС Неготино од гасоводниот систем во Република Македонија превземени се следните активности:

- Коресподенција поврзана со градбата на делница Клечовце- Блок станица 5,

помеѓу МЕР АД Скопје (Инвеститор), Рапид Билд ДОО Куманово – Лидер на група понудувачи (Изведувач) и Простор ДОО Куманово (Надзор),

- Организирање и учество на сите потребни работни состаноци со Изведувачот и Надзорот,
- Посета на траса.

Согласно податоците за извршување на работата и финансиската реализиција на договорот, а согласно времените ситуации прикажани во следната табела, реализацијата во прв квартал 2019 е **1,1 %,** а вкупната реализација на градбата од самиот почеток е околу **93,91** %.

**Табела за реализација (согласно времени ситуации за прв квартал 2019):**

| Р. број | Опис | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со Декември 2018 | Вредност на извршени работи во прв Квартал 2019 | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со Март 2019 |
|---|---|---|---|---|
| | | МКД | МКД | МКД |
| | | | | |
| 1 | ГРАДЕЖНИ РАБОТИ | 338,600,439.21 | | 338,600,439.21 |
| 2 | МАШИНСКИ РАБОТИ | 481,374,871.89 | 1,303,412.65 | 463,342,767.75 |
| 3 | КАТОДНА ЗАШТИТА | 9,741,783.89 | 42,506.76 | 9,741,783.89 |
| 4 | ЕЛЕКТРО РАБОТИ-ЛИНИСКИ ДЕЛ | 571,126.24 | | 571,126.24 |
| 5 | ОПТИКА-ЛИНИСКИ ДЕЛ | 10,177,110.74 | | 10,177,110.74 |
| 6 | ГМРС Неготино | 23,370,975.46 | 3,769,778.39 | 27,140,753.85 |
| 7 | ГМРС Штип | 28,162,377.05 | 123,138.96 | 28,285,516.01 |
| 8 | Поврзување на катодни станици и ГМРС-а на дистрибутивна мрежа на ЕВН | 3,106,651.25 | 5,465,801.94 | 8,572,453.19 |
| 9 | Проект на изведена состојба | 6,711,306.90 | | 3,355,653,45 |
| | ВКУПНО МКД (без ДДВ): | **901,816,642.63** | **10,704,638.70** | **912,521,281.33** |
| | Реализација во % | **92,81** | **1,10** | **93,91** |

**Изградба на магистрален гасовод делница „Скопје-Тетово-Гостивар"**

Во првиот квартал од 2019 година продолжи изградбата на магистрален гасовод делница Скопје – Тетово - Гостивар со ГМРС Тетово и ГМРС Гостивар. Изградбата на наведената делница согласно Договорот за изградба на Магистрален гасовод делница Скопје-Тетово-Гостивар бр. 05-89/74 склучен на 19.10.2016 година, ја изведува Група на понудувачи РАПИД БИЛД ДОО Куманово, ЕЛ-ТЕ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО, СПЕКТАРТЕРМО ДОО Скопје и КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово, застапувано од РАПИД БИЛД ДОО Куманово како лидер на групата на понудувачи.

Надзор над изградбата на Магистрален гасовод делница Скопје – Тетово - Гостивар согласно Договорот за набавка на услуги за вршење надзор над изградбата на гасоводен систем на Република Македонија – Фаза 1 делница Неготино

(Кавадарци) – Битола и Скопје-Тетово-Гостивар бр. 05-915/106 склучен на 18.10.2016 година, врши Група на понудувачи – ПРОСТОР ДОО Куманово, ГЕИНГ Кребс Унд Кифер Интернешнл и др. ДОО Скопје и ДИВИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, застапувана од ПРОСТОР ДОО Куманово како лидер на групата на понудувачи.

Рокот за изградба на Магистрален гасовод делница делница Скопје – Тетово – Гостивар според договорот е до декември 2019 година, а согласно член 15 став 3, доколку дојде до прекин на работите поради нерешени имотно – правни односи, инвеститорот има право да го продолжи рокот за онолку денови колку што траел прекинот или да го раскине договорот во делот од предметот кој не може да се реализира поради нерешените имотно правни односи.

Во првиот квартал од 2019 година за изградба на делница Скопје – Тетово - Гостивар од гасоводниот систем во Република Македонија превземени се следните активности:

- Коресподенција поврзана со градбата на делница Скопје – Тетово -Гостивар, помеѓу МЕР АД Скопје (Инвеститор), Рапид Билд ДОО Куманово – Лидер на група понудувачи (Изведувач) и Простор ДОО Куманово (Надзор),
- Организирање и учество на сите потребни работни состаноци со Изведувачот и Надзорот,
- Посета на траса,
- Спроведување на постапка за вршење процена од страна на Биро за судски вештачења за вредноста на земјиштето, посевите, насадите, шуми и култури на катастарски парцели кои се наоѓаат на трасата на магистрален гасовод делница Скопје-Тетово-Гостивар.

Во врска со постапката за експропријација, во овој период постигнати се спогодби во вкупен износ од 7.140.480,00 денари, додека исплатени се во износ од 1.956.544,00 во кои се опфатени и спогодби од претходен период.

Табеларен приказ на степенот на реализација на експропријација за Лот 5:

| **Делница** | **Пратени предлози за експропријација** | **Решени предмети за експропријација** | **Предмети во постапка** | **Број на предлози што треба да се поднесат до управата** | **Неизложени парцели** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Делница 5: Скопје-Тетово-Гостивар** | 920 | 310 | 610 | Во овој момент точен број на предлози за експропријација кои треба да се поднесат не може да се определи поради измени на дел од трасата и неизложените парцели | 42 |

Во однос на изградбата на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар, во текот на првиот квартал од 2019 година извршени се следните активности: подготовка на работен појас и пристапни патишта, копање на ров и поставување на подлога, спуштање и положување на цевовод во ров, заварување, радиографско испитување на заварени спoеви, набавка на материјали за блок станици и друго. Согласно податоците за извршување на работата и финансиската реализиција на договорот, а согласно времените ситуации прикажани во следната табела, реализацијата во првиот квартал е 2,82 **%,** а вкупната реализација на градбата од самиот почеток е околу 34,64 %.

**Табела за реализација (согласно времени ситуации за прв квартал 2019):**

| Р. број | Опис | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со Декември 2018 | Вредност на извршени работи во прв Квартал 2019 | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со Март 2019 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 1 | ЛИНИСКИ - ГРАДЕЖНО СКОПЈЕ-ГОСТИВАР | 217,467,016.36 | 34,270,190.54 | 251,737,206.90 |
| 2 | ЛИНИСКИ - МАШИНСТВО СКОПЈЕ-ГОСТИВАР | 303,722,712.43 | 12,389,004.60 | 316,111,717.03 |
| 3 | КАТОДНА ЗАШТИТА | 824,478.80 | | 824,478.80 |
| 4 | ЛИНИСКИ ОПТИКА | 2,696,705.03 | 475,828.40 | 3,172,533.43 |
| 5 | ПОЈДОВНА ЧИСТАЧКА СТАНИЦА СКОПЈЕ -ЕЛЕКТРО | | | |
| 6 | ПОЈДОВНА ЧИСТАЧКА СТАНИЦА СКОПЈЕ -МАШИНСТВО | 2,591,025.39 | | 2,591,025.39 |
| 7 | ГМРС ГОСТИВАР ГРАДЕЖЕН | | | |
| 8 | ГМРС ГОСТИВАР ЕЛЕКТРО | | | |
| 9 | ГМРС ГОСТИВАР МАШИНСТВО | 51,065.96 | | 51,065.96 |
| 10 | СТОЛБНА ТРАФОСТАНИЦА | | | |
| 11 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК БРЊАРЦИ | | | |
| 12 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ГЛУМОВО | | | |
| 13 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК АРНАКИЈА | | | |
| 14 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК МИЛЕТИНО | | | |
| 15 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ТЕТОВО 1 | | | |
| 16 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК БС ГОСТИВАР | | | |
| 17 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ГМРС ГОСТИВАР | | | |
| 18 | БС 15 ЕЛЕКТРО | | | |
| 19 | БС 16 ЕЛЕКТРО | | | |
| 20 | БС 17 ЕЛЕКТРО | | | |
| 21 | БС 18 ЕЛЕКТРО | | | |
| 22 | БС ГОСТИВАР ЕЛЕКТРО | | | |
| 23 | БС ТЕТОВО ЕЛЕКТРО | | | |
| 24 | ЛИНИСКИ - ГРАДЕЖНО ТЕТОВО | 19,307,295.43 | 3,265,537.03 | 22,572,832.46 |
| 25 | ЛИНИСКИ - МАШИНСТВО ТЕТОВО | 20,286,920.34 | | 20,286,920.34 |
| 26 | ГМРС ТЕТОВО ГРАДЕЖЕН | | | |
| 27 | ГМРС ТЕТОВО ЕЛЕКТРО | | | |
| 28 | ГМРС ТЕТОВО МАШИНСТВО | | | |
| 29 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ТЕТОВО 2 | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 30 | БС ТЕТОВО2 ЕЛЕКТРО | | | |
| 31 | ПРОЕКТ НА ИЗВЕДЕНА СОСТОЈБА | | | |
| | ВКУПНО МКД (без ДДВ): | **566,947,219.74** | **50,400,560.57** | **617,347,780.31** |
| | Реализација во % | **31,81** | **2,82** | **34,64** |

### Изградба на магистрален гасовод делница „Неготино (Кавадарци) – Битола"

Во првиот квартал од 2019 година продолжи изградбата на магистрален гасовод делница Неготино (Кавадарци) – Битола со ГМРС Прилеп, ГМРС Битола и ГМРС Фени. Изградбата на наведената делница согласно Договорот за изградба на Магистрален гасовод делница Неготино (Кавадарци) – Битола со ГМРС Прилеп, ГМРС Битола и ГМРС Фени бр.05-412/119 склучен на 21.10.2016 година, ја изведува Група на понудувачи ГРАНИТ АД - Скопје и РАПИД БИЛД ДОО Куманово, застапувано од ГРАНИТ АД - Скопје како лидер на групата на понудувачи.

Надзор над изградбата на Магистрален гасовод делница делница Неготино (Кавадарци) – Битола согласно Договорот за набавка на услуги за вршење надзор над изградбата на гасоводен систем на Република Македонија – Фаза 1 делница Неготино (Кавадарци) – Битола и Скопје-Тетово-Гостивар бр. 05-915/106 склучен на 18.10.2016 година, врши Група на понудувачи – ПРОСТОР ДОО Куманово, ГЕИНГ Кребс Унд Кифер Интернешнл и др. ДОО Скопје и ДИВИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, застапувана од ПРОСТОР ДОО Куманово како лидер на групата на понудувачи.

Рокот за изградба на Магистрален гасовод делница Неготино (Кавадарци) – Битола според договорот е до февруари 2020 година, а согласно член 15 став 3, доколку дојде до прекин на работите поради нерешени имотно – правни односи, инвеститорот има право да го продолжи рокот за онолку денови колку што траел прекинот или да го раскине договорот во делот од предметот кој не може да се реализира поради нерешените имотно правни односи.

Во првиот квартал од 2019 година за изградба на делница Неготино (Кавадарци) – Битола од гасоводниот систем во Република Македонија превземени се следните активности:

- Коресподенција поврзана со градбата на делница Неготино (Кавадарци) – Битола, помеѓу МЕР АД Скопје (Инвеститор), ГРАНИТ АД - Скопје - лидер на групата на понудувачи (Изведувач) и Простор ДОО Куманово (Надзор),
- Организирање и учество на сите потребни работни состаноци со Изведувачот и Надзорот,
- Посета на траса,
- Спроведување на постапка за вршење процена од страна на Биро за судски вештачења за вредноста на посевите, насадите, шуми и култури на катастарски парцели во КО Селце и КО Леништа кои се наоѓаат на трасата на магистрален гасовод делница Делница Неготино (Кавадарци) - Битола. За целата делница потребно е да се вршат процени уште за катастарски парцели од КО Мал Радобил и КО Голем Радобил, но за истите во овој момент не можат да се вршат процени од причина што Агенцијата за катастар за недвижности на Република Македонија сеуште ги нема изложено катастарските парцели.

Во врска со постапката за експропријација, во овој период постигнати се спогодби во вкупен износ од 9.557.043,00 денари, додека исплатени се во износ од 4.962.793,00 денари денари.

Табеларен приказ на степенот на реализација на експропријација за Лот 2:

| **Делница** | **Пратени предлози за експропријација** | **Решени предмети за експропријација** | **Предмети во постапка** | **Број на предлози што треба да се поднесат до управата** | **Неизложени парцели** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Делница 2: Неготино (Кавадарци) - Битола** | 1460 | 1334 | 126 | Во овој момент точен број на предлози за експропријација кои треба да се поднесат не може да се определи поради измени на дел од трасата и неизложените парцели | 48 |

Во однос на изградбата на магистрален гасовод Делница Неготино (Кавадарци) - Битола, во текот на првиот квартал од 2019 година извршени се следните активности: подготовка на работен појас и пристапни патишта, копање на ров и поставување на подлога, заварување, премини под сообраќајници, набавка на материјали за блок станици и друго. Согласно податоците за извршување на работата и финансиската реализиција на договорот, а согласно времените ситуации прикажани во следната табела, реализацијата во првиот квартал е 13,05 %, а вкупната реализација на градбата од самиот почеток е околу 45,01 %.

**Табела за реализација (согласно времени ситуации за прв квартал 2019):**

| Р. број | Опис | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со Декември 2018 | Вредност на извршени работи во прв Квартал 2019 | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со Март 2019 |
|---|---|---|---|---|
| | | МКД | МКД | МКД |
| | | | | |
| 1 | Проектирање | | | |
| 2 | Опрема и материјали | 348,460,255.92 | 152,934,451.05 | 501,394,706.97 |
| 3 | Изградба и испитување на линиски дел | 367,236,723.24 | 139,331,603.13 | 506,568,326.37 |
| 4 | Изградба и испитување на Блок Станици, Приемно чистачка станица | | | |
| 5 | Изградба и испитување на Главно Мерно Регулациони Станици (ГМРС) | | | |
| | ВКУПНО МКД (без ДДВ): | **715,696,979.16** | **292,266,054.00** | **1,007,963,033.16** |
| | Реализација во % | **31,96** | **13,05** | **45,01** |

**Активности во врска со редовното работење**

МЕР АД Скопје во периодот од 01.01.2019 до 31.03.2019 година ги извршуваше своите редовни работни обврски како што следат:

- Книжење и евиденција на сметководствените и други документи,
- Изработка и доставување на даночна пријава на данокот на додадена вредност до Управа за јавни приходи Скопје,
- Изработка и евиденција на барања за исплата на обврски кон крајни изведувачи за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија – фаза 1 – делница Штип - Неготино - Битола и делница Скопје - Тетово - Гостивар" за 2019 год.,
- Изработка и исплата на плата и надоместоци од работен однос,
- Доставување на Образец М1- Месечен извештај за промените на состојбата на секое задолжување на носителите на јавниот долг до Министерство за финансии на Република Македонија - Сектор за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг,
- Изработка на документација за спроведување постапка за зголемување на основна главнина на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од седмата емисија по пат на приватна понуда,
- Изработка на Извештаи и Информации на Друштвото за Владата на Република Македонија во својство на Собрание на акционери на МЕР АД Скопје,
- Пријавување и евидентирање на месечните обврски на Друштвото преку Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските (ЕСПЕО) на Министерството за финансии, Сектор за буџети и фондови, согласно Законот за пријавување и евиденција на обврските,
- Изготвување и доставување на годишна сметка за 2019 година на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост до Централен Регистар на Република Македонија,
- Изготвување и спроведување на постапките за јавни набавки на МЕР АД Скопје согласно Годишниот план за јавни набавки за 2019 година. Врз основа на Планот за јавни набавки за 2019 година за реализирање на постапките за јавни набавки преземени се следните активности:

• Спроведување на детално истражување на пазарот. Истражувањата се спроведени преку интернет со пребарување на сајтови, преку прашалници и непосредна проверка на економски оператори,
• Изработка на тендерска документација,
• Објавување на огласи, отворање на понуди, евалуација на добиените понуди, избор на најповолен понудувач.

- Учество во застапувањето и спроведување на судските парнични постапки против Тужбите за надомест на штета, како и во вонпарничните постапки за надоместок за експропријација пред основните судови во Неготино и Кавадарци, а во врска со изградбата на магистрална Делница Блок станица 5-Неготино насочени спрема МЕР АД Скопје и магистрална Делница Неготино (Кавадарци) - Битола преку давање на одговори на тужби и други писмени поднесоци, застапување на рочиштата за главна расправа во првостепената постапка пред надлежните судови и поднесување на жалби против пресудите на првостепените судови до апелациониот суд,
- Спроведување на постапката за решавање на имотно-правни работи,

особено постапката за експропријација, преку подготовка и доставување на предлози за експропријација и учество на расправи пред надлежните органи, одделенијата за имотно-правни работи Битола, Прилеп, Кавадарци, Тетово и дел од скопските општини, а во врска со гасоводната Делница Скопје-Тетово-Гостивар и гасоводната делница Неготино (Кавадарци)-Битола,

- Следење и анализа на закони и нивни измени и дополнувања од областа на работењето на Друштвото,
- Спроведување кадровото работење преку следење на законите од областа на работните односи и кадровото работење, изготвување на решенија за користење на денови од годишните одмори и слободни денови, водење на евиденција за искористени денови од годишен одмор и др.,
- Во овој период согласно Законот за работни односи се спроведе постапка за вработување за две работни места и тоа: Референт за човечки ресурси и Машински техничар за одржување на електронски постројки, но не се склучија договори за вработување од причина што за наведените работни места немаше доставени пријави,
- Архивирање на целокупната примена и пратена документација од МЕР АД Скопје, како и спроведување на истата до органите во Друштвото,
- Подготовка на материјали, организирање и спроведување на седниците на Одборот на директори,
- Превод на текстови, мејлови, дописи и останати материјали за потребите на друштвото,
- Изготвување на извештаи, барања, изјави, мислења, пресметки и други документи поврзани со работењето на Друштвото,
- Достава на податоци и информации, изработка на извештај и одговори на барања на Е-урбанизам,
- Координација на работните задачи и следење на роковите за нивно навремено извршување.

Изработка на документација по барања, мислења и друго од институциите во врска со работењето на МЕР АД Скопје, постапува по барањата од институции преку изработка и доставување на одговори и мислења по однос на истите, како и други активности кои произлегуваат од тековното работење на МЕР АД Скопје.

МЕР АД Скопје во овој период оствари и координативни состаноци во земјата и во странство во однос на гасификацијата во Република Македонија. Во февруари 2019 МЕР АД Скопје реализира службено патувања во Приштина, во врска со заедничко аплицирање во WBIF, за техничка помош и реализација на интерконективниот гасовод помеѓу Македонија и Р.Косово.

Активности во насока на спроведување на деловната политика на Друштвото во согласност со законските обврски, одлуките и заклучоците на Владата во својство на единствен акционер на Друштвото, одлуките, заклучоците и препораките на Одборот на директори.

Други активности кои произлегуваат од тековното работење на МЕР АД Скопје.

**Активности во врска со корпоративното работење на Одборот на директори**

Во периодот од 01.01.2019 г. до 31.03.2019 г. се одржани вкупно 3 седници на Одборот на директори на МЕР АД Скопје, односно од 25-та Седница до 27-та Седница на Одбор на директори.

Во првиот квартал на 2019 година на седниците на Одборот на директори донесени се следните одлуки и заклучоци:

- 25- та Седница на Одбор на директори – одржана на 23.01.2019 година:
- Одлука за усвојување на Годишен план за јавни набавки за 2019 година со арх.бр. 02-435/3 од 23.01.2019 г.;
- Одлука за јавна набавка на стоки - набавка на гориво за службени возила со арх.бр. 02-435/4 од 23.01.2019 г.;

- 26- та Седница на Одбор на директори – одржана на 31.01.2019 година:
- Одлука за изменување на Годишната инвестициона програма (ГИП) за 2019 година со арх.бр. 02-628/3 од 31.01.2019г.;
- Заклучок во врска со Одлука за измена на ГИП со арх.бр. 02-628/4 од 31.01.2019г.;
- Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за ЈН за 2019 година со арх.бр. 02-628/5 од 31.01.2019г.;
- Заклучок во врска со Одлука за измена на Годишен план за ЈН со арх.бр. 02-628/6 од 31.01.2019г.;
- Одлука за свикување на Собрание на акционери со арх.бр. 02-628/7 од 31.01.2019г.;
- Предлог Одлука за зголемување на основна главнина - седма емисија со арх.бр. 02-628/8 од 31.01.2019г.;
- Одлука за ЈН на работи - Изградба на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар (сеча на шума) со арх.бр. 02-628/9 од 31.01.2019г.;
- Одлука за ЈН на работи - Изградба на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар (ерозивни бариери) со арх.бр. 02-628/10 од 31.01.2019г.;
- Одлука за усвојување на Тримесечен извештај за период од 01.04.18-30.06.18 поднесен од Извршниот директор I квартал со арх.бр. 02-628/11од 31.01.2019г.;
- Одлука за усвојување на Тримесечен извештај за период од 01.04.18-30.06.18 изготвен од Одбор на директори I квартал со арх.бр. 02-628/12 од 31.01.2019г.;

- 27- та Седница на Одбор на директори – одржана на 21.03.2019 година:
- Одлука за Свикување на Собрание на акционери на МЕР АД Скопје со арх.бр. 02-1999/3 од 21.03.2019г.;
- Предлог-Одлука за измена на Статут на МЕР АД Скопје со арх.бр. 02-1999/4 од 21.03.2019г.;
- Одлука за јавна набавка на услуги-мобилни телекомуникациски услуги со арх.бр. 02-1999/5 од 21.03.2019г.;
- Одлука за јавна набавка на работи-Лот 5 набавка, транспорт и монтажа врз бетонски столб на линиски раставувач со арх.бр. 02-1999/6 од 21.03.2019г.;
- Одлука за јавна набавка на работи-Лот 1 дислокација на систем за наводнување кај ГМРС Неготино со арх.бр. 02-1999/7 од 21.03.2019г.

Во понатамошниот текст наведени се финансиските резултати од работењето на МЕР АД Скопје.

**Извештај за материјално - финансиско работење на НЕР АД Скопје**
**за период од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година**

Приходи и расходи

- Остварени приходи

Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост во периодот од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година нема остварено приходи од основната дејност, пренос на природен гас, прикажано во Табела 1.

Табела 1 - Споредбена табела на приходи за период од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година и период од 01.01.2018 година до 31.03.2018 година

| Конто | Опис | Остварени приходи 01.01.2018 31.03.2018 | Остварени приходи 01.01.2019 31.03.2019 |
|---|---|---|---|
| 769 | Останати приходи од работењето | 0,00 | 3.316,00 |
| | **Вкупно** | **0,00** | **3.316,00** |

- Остварени расходи

Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост во периодот од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година во однос на истиот период од претходната година ги оствари следните трошоци евидентирани по синтетички конта, прикажано во Табела 2.

Табела 2 - Споредбена табела на трошоци за период од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година и период од 01.01.2018 година до 31.03.2018 година

| Број на конто | Опис на конто | Остварени трошоци 01.01-31.03.2018 денари | Остварени трошоци 01.01.-31.03.2019 денари |
|---|---|---|---|
| 401 | Т-ЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ | 17.446,00 | 174.049,00 |
| 403 | Т-ЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА | 3.100,00 | 179.035,00 |
| 405 | Т-ЦИ ЗА РЕЗ ДЕЛ. И МАТ. ЗА ОДРЖУВАЊЕ | 80.405,00 | 52.491,00 |
| 410 | ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | 49.678,00 | 27.758,00 |
| 411 | ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ, ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТЕРНЕТ | 23.418,00 | 50.162,00 |
| 413 | УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА | 17.420,00 | 31.933,00 |
| 414 | НАЕМ – ЛИЗИНГ | 52.916,00 | 450.000,00 |
| 415 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 0,00 | 8.064,00 |
| 419 | ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 16.572,00 | 45.395,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 421 | ПЛАТА И НАДОМ. НА ПЛАТА - БРУТО | 2.391.671,00 | 3.181.166,00 |
| 432 | Т-ЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 49.788,00 | 0,00 |
| 440 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛ. ПАТУВАЊА, НОЌЕВАЊА И ПАТНИ Т-ЦИ | 153.043,00 | 113.920,00 |
| 441 | НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ (ТРОШОЦИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ) | 39.238,00 | 2.000,00 |
| 442 | Т-ЦИ ЗА НАДОМЕСТ И ДР. ПРИМАЊА НА ЧЛ. НА УО И НО | 42.222,00 | 63.333,00 |
| 444 | ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА (за во кујна) | 18.605,00 | 87.217,00 |
| 445 | ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 10.653,00 | 9.265,00 |
| 446 | БАНКАРСКИ УСЛУГИ И Т-ЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 11.928,00 | 23.366,00 |
| 447 | ДАНОЦИ И ДР. ДАВАЧКИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 16.223,00 | 3.960,00 |
| 449 | ОСТАНАТИ Т-ЦИ НА РАБОТЕЊЕТО | 158.214,00 | 132.344,00 |
| 468 | КАЗНИ,ПЕНАЛИ,НАДОМЕСТОЦИ НА ШТЕТИ И ДРУГО | 894.000,00 | 24.834,00 |
| 469 | ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 14.619,00 | 0,00 |
| 474 | РАСХ.ВРЗ ОСНОВА НА КАМАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 374.400,00 | 66.560,00 |
| 479 | ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 0,00 | 439.979,00 |
| | **ВКУПНО** | **4.435.559,00** | **5.166.831,00** |

Во периодот од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година во однос на истиот период од претходната година, Друштвото има намалување на трошоците на одредени ставки, а на одредени ставки остварени се поголеми трошоци и тоа на :

- Конто 401 - Трошоци за материјали
  Остварени се трошоци за материјали во вкупен износ од 174.049,00 денари, од кои за потрошен канцелариски материјал остварени се вкупно 166.038,00 денари согласно Договор за доделување на јавна набавка на стоки - канцелариски материјал бр.05-1075/23 од 29.03.2018 година и за потрошен материјал за чистење и одржување на деловни простории на Друштвото остварени се вкупно 8.011,00 денари согласно Договор за доделување на јавна набавка на стоки-набавка на средства за чистење и одржување бр.05-1588/18 од 28.05.2018 година, кои во однос на истиот период од претходната година се зголемени со зголемување на обемот на работа на Друштвото, за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово – Гостивар" ;

- Конто 403 – Трошоци за енергија
  Остварени се трошоци за енергија односно трошоци за електрична енергија и трошоци за гориво во вкупен износ од 179.035,00 денари :
  - Трошоци за електрична енергија остварени се во вкупен износ од 116.803,00 денари за месеците 01/2019 и 02/2019, согласно Договор бр.03-1425/1 од 05.04.2018 година за закуп на недвижен имот - деловен простор склучен помеѓу МЕР АД Скопје и Здружение на возачите на град Скопје, кои во однос на истиот период од претходната година се зголемени од причина што Друштвото користи двојно поголеми деловни простории од претходните, со цел да ги задоволи потребните услови за работа за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово – Гостивар", како и потребата од нови вработувања и

- Трошоци за гориво за службени моторни возила остварени се во вкупен износ од 62.232,00 денари согласно Договор бр.05-1298/17 од 12.04.2018 година за јавна набавка на стоки – набавка на гориво за службени возила, кои во однос на истиот период од претходната година се зголемени од причина што бројот на моторните возила на Друштвото е зголемен, односно остварени се трошоци за гориво за вкупно четири патнички моторни возила ;

- Конто 411 – Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет
  Остварени се трошоци за поштенски услуги, телефонски услуги-фиксна телефонија, телефонски услуги-мобилна телефонија и интернет услуга во вкупен износ од 50.162,00 денари, од кои за поштенски услуги остварени се вкупно 3.616,00 денари, за телефонски услуги–мобилна телефонија остварени се вкупно 27.259,00 денари и за интернет услуги остварени се вкупно 19.287,00 денари, зголемени во однос на истиот период од претходната година со зголемување на обемот на работа на Друштвото за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово – Гостивар“ ;

- Конто 413 – Услуги за одржување и заштита
  Остварени се трошоци - услуги за одржување и заштита во вкупен износ од 31.933,00 денари, од кои за услуги за сервис и одржување на патнички моторни возила остварени се расходи од вкупно 13.750,00 денари, услуги за одржување хигиена во деловните простории на Друштвото остварени се расходи од вкупно 12.183,00 денари и услуги за одржување на софтвер и веб страна на Друштвото остварени се расходи од вкупно 6.000,00 денари. Во споредба со истиот период од претходната година трошоците за услуги за одржување и заштита се зголемени со зголемување на обемот на работа на Друштвото, за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово – Гостивар“ ;

- Конто 414 – Трошоци за наем - лизинг
  Остварени се трошоци за наем – лизинг односно закуп на недвижен имот во вкупен износ од 450.000,00 денари, согласно Договор за закуп на недвижен имот - деловен простор бр.03-1425/1 од 05.04.2018 година, за месец 01/2019, месец 02/2019 и месец 03/2019, зголемени во однос на истиот период од претходната година, од причина што Друштвото користи двојно поголеми деловни простории од претходните, со цел да ги задоволи потребните услови за работа за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово – Гостивар“, како и потребата од нови вработувања ;

- Конто 415 – Комунални услуги
  Остварени се трошоци за комунални услуги во вкупен износ од 8.064,00 денари, од кои за потрошена вода за месец 01/2019, и месец 02/2019, остварени се трошоци од вкупно 1.874,00 денари, трошоци за тековно одржување на лифт остварени се вкупно 1.800,00 денари за месец 01/2019 и месец 02/2019, за сервисирање на лифт во месец 01/2019 остварени се трошоци од вкупно 1.100,00 денари и трошоци за комунална хигиена за месец 01/2019 и месец 02/2019 остварени се вкупно 3.290,00 денари. Со оглед на фактот што Друштвото користи двојно поголеми деловни простории во споредба со претходно, со тоа и трошоците за комунални услуги се зголемени во однос на истиот период од претходната година, со цел да се задоволат потребните

услови за работа за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово – Гостивар“ ;

- Конто 419 – Останати услуги

Остварени се трошоци за останати услуги во вкупен износ од 45.395,00 денари од кои :

- За регистрација на патничко моторно возило остварени трошоци од вкупно 7.404,00 денари;
- За услуги за објавување на оглас согласно Одлука за зголемување на основната главнина на Друштвото со влогови преку издавање на нови акции од седма емисија по пат на приватна понуда бр.02-656/13 од 14.02.2019 година остварени се трошоци од вкупно 10.000,00 денари;
- За објавување на оглас за потребата од пополнување на две работни места и засновање на работен однос во Друштвото за извршување на работи на определено време за работно место Референт за човечки ресурси и за работно место Машински техничар за одржување на електронски постројки остварени се трошоци во вкупен износ од 18.106,00 денари;
- За објавување на оглас за доделување на Договор за јавна набавка: Ангажирање на фирма за заполнување со природен гас на Делница Клечовце-Блок Станица 5 во должина од 61 км остварени се трошоци во вкупен износ од 5.085,00 денари и
- За објавување на огласи за јавна набавка на веб локацијата на Бирото за јавни набавки остварени се трошоци во вкупен износ од 4.800,00 денари.

Трошоците за останати услуги во првиот квартал од 2019 година се зголемени во однос на истиот период од претходната година, со зголемување на обемот на работа на Друштвото за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово – Гостивар“ ;

- Конто 421 – Плата и надоместоци на плата – бруто плата

Остварени се трошоци за плата и надоместоци од плата за вработените во вкупен износ од 3.181.166,00 денари, за месец 01/2019, месец 02/2019 и месец 03/2019 за вкупно 23 вработени лица. Трошоците за плата и надоместоци од плата за вработените во однос на истиот период од претходната година се зголемени од причина што во Друштвото се појави потреба од нови вработувања, со кое бројот од 18 вработени лица се зголемени на 23 вработени лица, согласно Финансискиот План за работа и Годишната инвестициона програма на Друштвото, за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово – Гостивар“ ;

- Конто 442 – Трошоци за надомест и др.примања на чл.на УО, НО и Одбор на директори остварени се во вкупен износ од 63.333,00 денари и тоа:

- За надомест на членовите на Одбор на директори на Друштвото остварени се трошоци во вкупен износ од 57.000,00 денари за месец 12/2018, месец 01/2019 и месец 02/2019 согласно Одлука за определување на месечниот паушал на неизвршните членови на Одборот на директори на Друштвото бр.02-1207/28 од 27.09.2016 година и тоа за претседателот на Одборот на директори висината на месечниот паушал изнесува вкупно 10.000,00 денари и за неизвршните членови на Одборот на директори висината на месечниот паушал изнесува вкупно 9.000,00 денари;
- Трошоци за персонален данок за надоместоци на неизвршните членови на Одборот на директори на Друштвото остварени се во вкупен износ од 6.333,00 денари за месец 12/2018, месец 01/2019 и месец 02/2019.

Трошоците за надомест и др.примања на чл.на УО, НО и Одбор на директори во однос на истиот период од претходната годината се зголемени, а разликата е во тоа што во првиот квартал 2019 година исплатен е месечен паушал за вкупно три месеци, а во истиот период од претходната година месечниот паушал е исплатен за вкупно два месеци односно месечниот паушалот за месец 12 е исплатен во тековната претходна година;

- Конто 444 – Трошоци за репрезентација
Остварени се трошоци за репрезентација во вкупен износ од 87.217,00 денари, од кои за угостителски услуги за гости на Раководителот на сектор за економско-финансиски работи на Друштвото остварени се трошоци во вкупен износ од 13.550,00 денари, угостителски услуги за гости на Извршниот директор на Друштвото остварени се вкупно 35.010,00 денари, трошоци за репрезентација во странство реализирани од службено патување на Извршниот директор на НЕР АД Скопје во Брисел во месец 02/2019 година и трошоци за репрезентација за во кујна согласно Договор за доделување на јавна набавка на стоки-репрезентација за во кујна бр.05-1250/18 од 12.04.2018 година остварени се трошоци во вкупен износ од 35.200,00 денари. Трошоците за репрезентација во однос на истиот период од претходната година се зголемени, со зголемување на обемот на работа на Друштвото, а во однос на трошоците за репрезентација за во кујна зголемувањето е од причина што трошоците за репрезентација не се константни по квартали, туку зависат од потребите на Друштвото во одреден период;

- Конто 446 - Банкарски услуги и трошоци за платен промет
Остварени се трошоци за банкарски услуги и трошоци за платен промет во земјата во вкупен износ од 23.366,00 денари односно трошоци за банкарски провизии за налози и месечни банкарски провизии од деловните банки во земјата, кои во однос на истиот период од претходната година се зголемени, со зголемување на обемот на работа на Друштвото ;

- Конто 479 – Останати финансиски расходи
Остварени се финансиски расходи за провизија за упис на седма емисија на хартии од вредност во системот на Централен Депозитар за хартии од вредност во вкупен износ од 439.979,00 денари, согласно Одлука за зголемување на основната главнина на Друштвото со влогови преку издавање на нови акции од седма емисија по пат на приватна понуда бр.02-656/13 од 14.02.2019 година, со цел создавање услови за непречено функционирање за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово - Гостивар". Номиналната вредност на една обична акција е 100 ЕВРА, односно номиналната вредност на сите нови издадени обични акции изнесува 892.500,00 ЕВРА, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија објавен на денот пред денот на донесување на одлуката за зголемување на основната главнина.
Во однос на истиот период од претходната година финансиските расходи на Друштвото се зголемени од причина што во истиот период од претходната година не се издаваа нови акции за зголемување на основната главнина на Друштвото и не се реализираа финансиски расходи за упис на нова емисија на хартии од вредност во системот на Централен Депозитар за хартии од вредност.

Друштвото во периодот од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година оствари трошоци за службени патувања во земјата и странство, кои во однос на истиот период од претходната година се намалени:

- Конто 440 – Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци во земјата и странство
